**ПЛАТЕЖНА СМЕТКА СО ОСНОВНИ ФУНКЦИИ**

Платежната сметка со основни функции се отвора и гласи само во денари.

За отварање на платежна сметка со основни функции се квалификува корисник кој нема отворено друга платежна сметка во денари во Шпаркасе Банка АД – Скопје или во друга банка, штедилница и филијала на странска банка во Република Северна Македонија.

Корисникот на платежна сметка со основни функции не смее да користи дозволено пречекорување, кредитна картичка, кредит или депозит на сметката за платежни услуги со основни функции.

Корисникот, кој се квалификува за платежна сметка со основни функции согласно законски утврдените критериуми, може да:
- отвори нова платежна сметка со основни функции во денари или
- изврши трансформација на постојна сметка во денари во платежна сметка со основни функции.

Отворањето на нова платежна сметка со основни функции или трансформација на постојна платежна сметка во платежна сметка со основни функции се врши во експозитурите на Банката, по барање на корисникот при што корисникот задолжително потпишува Изјава со која потврдува дека не поседува друга платежна сметка во денари во земјата.
Банката во рок од 10 работни дена ќе му одговори на корисникот дали му е одобрено барањето за отворање платежна сметка со основни функции.
Барањето може да се одобри по направена проверка дека корисникот не поседува платежна сметка со основни функции во Банката или во друга банка во РСМ.

Месечниот надомест за водење на платежна сметка со основни функции не може да биде повисок од 0,1 % од подвижниот просек на просечна плата во РСМ за последните 12 месеци.
Платежна сметка со основни функции ги овозможува следните платежни трансакции, со следните надоместоци:
• пет бесплатни безготовински интерни трансакции помеѓу сметки во рамки на банката (трансакции на шалтер, преку дигитални канали или преку траен налог). Останатите платежните трансакции вклучително: трансакции кои го надминуваат минималниот број на интерни безготовински платежни трансакции (над 5 трансакции), готовинските трансакции и трансакциите иницирани кон други даватели на платежни услуги (други банки) се тарифираат според редовната тарифа на надоместоци за физички лица.

•увид и располагање со средствата на платежната сметка со дебитна картичка чие користење се тарифира по редовна тарифа на надоместоци за физички лица

•увид и располагање со платежната сметка преку електронско/мобилно банкарство кое се тарифира по редовна тарифа на надоместоци за физички лица

**ПЛАТЕЖНА СМЕТКА СО ОСНОВНИ ФУНКЦИИ ЗА КОРИСНИЦИ НА ЗАКОНСКИ ПРАВА**

Платежната сметка со основни функции за корисници на законски права се отвора и гласи само во денари.

За отварање на платежна сметка со основни функции за корисници на законски права се квалификува корисник кој нема отворено друга платежна сметка во денари во Шпаркасе Банка АД – Скопје или во друга банка, штедилница и филијала на странска банка во Република Северна Македонија.

Дополнително треба да е корисник на еден од утврдените основи на законски права:

1. законска издршка, надоместок на штета настаната поради нарушување на здравјето или намалување, односно губење на работната способност и надоместок на штета за загубена издршка поради смрт на давачот на издршката
2. надоместок поради телесно оштетување според прописите за инвалидското осигурување;
3. парична помош од социјална заштита;
4. привремена невработеност
5. додаток на деца и
6. стипендија, кредит и помош на ученици и студенти.

Корисникот на платежна сметка со основни функции за корисници на законски права не смее да користи дозволено пречекорување, кредитна картичка, кредит или депозит на сметката за платежни услуги со основни функции за корисници на законски права.

Корисникот, кој се квалификува за платежна сметка со основни функции за корисници на законски права согласно законски утврдените критериуми, може да:
- отвори нова платежна сметка со основни функции во денари или
- изврши трансформација на постојна сметка во денари во платежна сметка со основни функции за корисници на законски права.

Отворањето на нова платежна сметка со основни функции за корисници на законски права или трансформација на постојна платежна сметка во платежна сметка со основни функции за корисници на законски права се врши во експозитурите на Банката, по барање на Корисникот при што корисникот задолжително потпишува Изјава со која потврдува дека не поседува друга платежна сметка во денари во земјата и доставува решение, за користење на законско право од надлежната институција, со цел да се утврди основот на користење на законското право. Банката во рок од 10 работни дена ќе му одговори на корисникот дали му е одобрено барањето за отворање платежна сметка со основни функции за корисник на законски права. Барањето може да се одобри по направена проверка дека корисникот не поседува платежна сметка со основни функции во Банката или во друга банка во РСМ.

Согласно законската регулатива, платежна сметка со основни функции за корисниците на законски права е ослободена од наплата на месечниот надомест за водење сметка. Платежна сметка со основни функции за корисниците на законски права ги овозможува следните платежни трансакции, со следните надоместоци:

• пет бесплатни безготовински интерни трансакции помеѓу сметки во рамки на банката (трансакции на шалтер, преку дигитални канали или преку траен налог). Останатите платежните трансакции вклучително: трансакции кои го надминуваат минималниот број на интерни безготовински платежни трансакции (над 5 трансакции), готовинските трансакции и трансакциите иницирани кон други даватели на платежни услуги (други банки) се тарифираат според редовната тарифа на надоместоци за физички лица.

•увид и располагање со средствата на платежната сметка со дебитна картичка чие користење е без надоместок

•увид и располагање со платежната сметка преку електронско/мобилно банкарство без надоместок